1.2.2019

# Транспонирање и спроведување на членот 6 од Директивата за живеалишта (92/43/EEC)

*Нацрт-правилник за соодветна проценка според членот 6 од Директивата за живеалишта и предложени промени на Нацрт-законот за заштита на природата*

Ојала Оли, виш специјалист,
Министерство за животна средина на Финска

# Транспонирање и спроведување на членот 6 од Директивата за живеалишта (92/43/EEC)

*Нацрт-правилник за соодветна проценка според членот 6 од Директивата за живеалишта и предложени промени на Нацрт- законот за заштита на природата*

Целта на овој документ е

- Во првата глава, да се презентираат сите неопходни елементи и основни информации за правилно спроведување на соодветната проценка (СП) во согласност со член 6 од Директивата за живеалишта,

- Во втората глава, да се предложат одредени измени во Нацрт-законот за заштита на природата, со цел да се олесни административниот процес поврзан со соодветната проценка во земјата

- Во третата глава, да се претстави предлог текстот за правилник кој ја опишува содржината на соодветната проценка.

- Во Анексите,да се дадат примери од добрата практика на изготвување на мислење во однос на соодветна проценка и органограми што го разјаснуваат работниот процес.

Н.Б. Има ситуации кои не се опфатени во овој документ, но сепак се во рамките на обврските од член 6 на Директивата за живеалишта.

Целокупната шема за заштита вклучува и поставување на целии приоритетиза зачувување на подрачјата на Натура 2000 [чл. 4 (4)] и воспоставување на неопходни мерки за заштита [чл. 6 (1)]. Ова не е опфатено во овој документ.

# 1. Основни информации и образложение за предлозите

Транспонирањето на соодветната проценка во македонското законодавство бара добро разбирање на правното опкружување, односно на ситуациите во кои е неопходно да се бара изготвување на соодветна проценка (СП) и улогата на различни чинители во процесот.

Во македонскиот контекст, постојат три ситуации кои иницираат отпочнување на процес на издавање на дозволи или планирање, кои може да бидат релевантни за соодветната проценка:

1) За големите проекти постои Оценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС) утврдена со член 77 од Законот за животна средина
2) За стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и измените и дополнувањата на таквите стратегии, планови и програми, постои Стратешка оценка на животната средина утврдена со член 65 [...] од Законот за животна средина
3) Проекти регулирани со Законот за животна средина и "посебни закони" кои ги регулираат конкретните проекти и начини.

   Projects regulated under Law on Environment and 'special laws' regulating specific projects and media.

Во принцип, сите различни видови на планови и проекти кои не се директно поврзани со, или неопходни за управувањето со локацијата (т.е. со Натура 2000 подрачјето) треба да бидат предмет на СП, а прагот за истите треба да биде многу низок. Судската пракса на ЕУ (на пример, http://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?language=en&num=C-127/02) поставува многу строги критериуми за одобрување на плановите и проектитепо изготвување на СП. Затоа, прагот за задолжителност за спроведување на СП треба да биде многу низок.

Во случај да не постои процес на издавање на дозволи, регулиран со закон, можно е сепак да биде неопходно да се спроведе СП. Затоа, разумно е да се изгради правен систем кој ќе ги опфати сите случаи кои би можеле да имаат значително негативно влијание врз подрачјето (неговите вредности и цели на заштита). Сепак, со моменталните ресурси и капацитети на македонската администрација за заштита на животната средина, ова можеби нема да биде изводливо (земајќи го предвид изнесеното во Глава 2). Ова е особено поради фактот што член 6(2) од Директивата за живеалишта наложува општа обврска за сите земји-членки да избегнуваат влошување на состојбата на живеалиштата и загрозување на видовите. Овие ситуации се однесуваат на пример, на мали проекти и други проекти кои не се предмет на постоечкиот процес на издавање на дозволи. Овие ситуации се коментирани во документот.

## Белешки за процесот на издавање на еколошки дозволи во Р. Македонија

Засега во македонското законодавство не постои процес на СП. Затоа, пред да се транспонира процесот на СП потребно е да се изврши едукација и градење капацитетите во администрацијата.

Поради специфичните барања и обемот на СП, препорачливоево администрацијата да постојат лица стручни за СП и давање на мислења. Во идеални услови тоа би подразбирало спроведување на обуки и градење на капацитети на вработените во државните институции, вклучени во процесите на издавање на дозволи, општините и приватните консултанти кои ги подготвуваат СП.

Предложениот административен процес, исто така, претпоставува воспоставување на надлежен орган за СП. Се предлага, институциите одговорни за релевантните посебни закони да побараат мислење одекспертите / надлежните органи за соодветна проценказа тоа далие потребно да се направи СП. Доколку одговорот е позитивен, органот надлежен за СП ќе го преземе процесот под своја одговорност и ќе го инволвира предлагачот на проектот сé додека не се донесе заклучок дали проектот или планот негативно ќе влијае врз интегритетот на локацијата.

За да се зголеми флексибилноста на процесот на СП, потребно е органотнадлежен за СП да биде вклучен за целото времетраење на подготовката на СП, давајќи насоки заобемот и квалитетот на проценкатаи помагајќи го планирањето на проектот на начин што ќе обезбеди доволно ублажување навлијанијата.

За овој пристап потребно е во Законот за заштита на природата да се даде опис на процесот на СП. Другите закони доволно е само да посочат на Законот за заштита на природата, доколку е потребно.

За да се опфатат сите различни типови на проекти кои можат да имаат значително влијание врз подрачјата на Натура 2000, ќе биде потребно /нема да бидепотребно да се спроведат следниве промени за различни ситуации:

1) Можност да се побара СП од одреден проект, по известување од општината до МЖСПП.

- Ова може да наметне измени на Нацрт-законот за заштита на природата со што ќе се прошири опфатот на СП (или едноставно ќе сеизбришат сите упатувања кон ОВЖС и СОЖС).

2) За проекти кои спаѓаат под прагот на барањата за ОВЖС, треба да се направат неопходни измени во законодавството, така штоможе да се бара СП од сите проекти за кои ќе се процени дека таквата проценка е релевантна (врска со елаборатите за животна средина).

- Измените вклучуваат проширување на опсегот на СП во Законот за заштита на природата и потенцијално менување на формулацијата во Законот за животна средина, така што надлежните органи ќе побараат мислење за потребата од СП од МЖСПП (или едноставно да го избришат секое упатување кон ОВЖС и СОЖС).

3) Процесот на изготвување на Стратешка оценка на влијание е добро да се комбинира со СП. Комбинираниот процес овозможува првична проценка, проценка на кумулативните влијанија и истражување на алтернативните средства за имплементација. Меѓутоа, доколку стратегијата, планот или програмата бараат дозволи подоцна, можно е да треба да се спроведе уште еден круг на проценка заснована на поконкретни планови. За да не се оптеретува процедурата непотребно, а имајќи предвид дека многу од плановите во рана фаза се сеуште неизвесни (на пример, плановите за домување), прецизноста на СП може да се прилагоди.

- Стриктното упатување на ОВЖС и СОЖС е непотребно и би можело да се избрише.

4) Процесот на ОВЖС има слични предности со СОВЖС. Тој овозможува првична проценка, проценка на кумулативните влијанија и истражување на алтернативните средства за имплементација. Исто така, типично за процесот на ОВЖС е тоа што администрацијата се вклучува во процесот и влијае на нејзиниот исход.

- Посебно упатување на ОВЖС и СОЖС е непотребно и би можело да се избрише.

5) **Проекти**за кои (врз основа на законодавството) е потребно само **известување** до органот, или, малите проекти, за кои**нема потреба од дозвола или известување** до надлежниот орган.

- Измени со кои се прошируваобемот на СП во Нацрт-законот за заштита на природата.

6) Влијанијата на плановите или проектите кои се директно поврзани, или се неопходни за управување со подрачјето не мора задолжително да се оценуваат согласно член 6(3) од Директивата за живеалишта. Ова подразбира дека многу од правилниците наведени подолу воопшто не мора да се менуваат (текстуална табела 2). Сепак, добро е да се додаде ставза "веројатноста да постои значително влијание" во документите кои го опишуваат управувањето со локацијата. Со воведување на ваков став ќе се зголеми транспарентноста и ќе се осигура дека потенцијалните негативни влијанија ќе бидат разгледани од страна на органот на управување. Ова,исто така, му помага на надлежниот орган (којшто го одобрува планот) да одлучи дали СП ќе биде неопходна во конкретниот случај. Националното законодавство поврзано со управувањето со локалитетите треба поединечно да се провери, доколку треба да се додаде овој аспект.

**Табела 2: Листа на правилници поврзани со мерките кои се „директно“ поврзани или неопходни за управувањето со локацијата**

| |
|---|
| - Правилник за мерки и активности за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" број 126/10);<br><br>- Правилник за мерките и активностите за заштита на спомениците на природата; формата и содржината на образецот на дозволата за спроведување на одделни мерки и активности за заштита и обновување на споменикот на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 126/10);<br><br>- Правилник за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" број 26/12);<br><br>- Правилник за издавање на дозволата за вршење на научни истражувања во природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.101 / 09);<br><br>- Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и измените на таквите стратегии, планови и програми за кои е задолжителна постапката за проценка на нивното влијание врз животната средина и здравјето на луѓето ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/11);<br><br>- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуки за тоа дали одредени плански документи можат да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето ("Службен весник на Република Македонија" број 144/07);<br><br>- Уредба за утврдување на проекти и критериуми за утврдување на потребата од спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.74 / 05, 109/09, 164/12);<br><br>- Правилник за содржината на барањата што треба да ги исполни студијата за ОВЖС за проектот ("Службен весник на Република Македонија" број 33/06);<br><br>- Правилник за издавање на дозволата за вршење на научни истражувања во природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.101 / 09);<br><br>- Правилник за содржината на студијата за (ре) валоризација на заштитено подрачје ("Службен весник на Република Македонија" број 26/12); |

## Предлог концепт за соодветна проценка

Воопштено, процесот на СП е претставен на слика 1. Притоа, овде е опишана ситуација во која еден проект или план,кој може да има влијание врз локацијата, влегува во процесот преку надлежен орган. Оттаму, случајот се доставува за мислење до орган надлежен за СП (МЖСПП). Поради можните влијанија на проектот или планот започнувапроцесот на СП. Се врши проценка на влијанијата и соодветно на наодите се менува проектот. Штом проценката се смета за соодветна, таа се враќа на прводоставениот орган, заедно со мислењето од надлежниот орган за СП. Првиот орган потоа донесува одлука во која се зема предвид мислењето на органот надлежен за СП.




**Слика 1. Симплифициран приказ на интеракција на процесот на СП со процедурите за издавање на еколошки дозволи и планирањето на проекти за кои се смета дека може да имаат влијание врз целите на заштита на дадено Натура 2000 подрачје**

**Број на стрекла: 1 = Изведувачот на проектот ја иницира постапката за проект; 2 = Органот надлежен за издавање на дозвола /планирање на планирање бара мислење дали е потребна СП (скрининг). Доколку одговорот е позитивен се отпочнува со процедурата за подготовка на СП од страна на надлежен орган за дадената процедура за еколошка дозвола/планирање; 3 & 4 = Се прават дописи и се одржуваат неопходни состаноци со изведувачот на проектот и надлежниот орган за СП; 5 = Органот надлежен за СП го доставува своето мислење до органот надлежен за конкретната процедура за издавање на дозволи/планирање.**

Слика 2 ја илустрира интеракцијата помеѓу процесот на планирање и СП. Во македонскиот контекст алката (СП прикажана на сликата) во процесот на издавање на дозволи е наменета за акредитирани експерти. Врз основа на СП, органот надлежен за соодветна проценка издава мислење кое станува дел од процесот на планирање/ издавање на дозвола.




**Слика 2. Проценка на веројатноста и значителноста на влијанието на планираниот проект врз целите на заштита на Натура 2000 подрачјето, т.е потреба од СП според член 6(3) од Директивата за живеалишта.**

## Забелешка

Бидејќи специфичнитееколошки барања за видовите и живеалиштата од интерес на Заедницата се во фокусот на процесот СП, особено внимание мора да се посвети на достапноста на експертизата. Подготовката на самата проценка бара ангажирање на експерти за екологија, а понекогаш и градежни инженери, но исто така и експертиза за суштинските прашања, од страна на органот за издавање дозволи.

Сегашниот персонал има добри познавања, но е малуброен за да ги обработи сите случаи што ќетреба да се процесираат откако за истите ќе се утврди дека постои веројатност да имаат значително влијание. Затоа, треба да се земе предвид зголемувањето на бројот на вработените во постојните организации или да се формира нова специјализирана организација со доволно човечки ресурси.

# 2. Предлог дополненија на Нацрт-законот за природа

## Белешки за Нацрт- законот за заштита на природата

Првиот и четвртиот став од членот кој се однесува на СП во Нацрт- законот за заштита на природата член 75, ги опфаќа сите аспекти од став3 од членот 6 од Директивата за живеалишта (види текстуална табела 1).

Сепак, вториот и третиот став ја ограничуваат примената на СП само на поголеми и одредени видови проекти, стратегии, планови и програми. Ова може да биде проблематично, бидејќи не дозволува прелиминарно испитување на влијанијата на потенцијално голем број проекти. Со бришење на овие ставови и нивно заменување со поопширни ставовизаконската регулатива стане многу поедноставна и јасна.

Текстот од ставот 4 е сличен на текстот на Директивата за живеалишта. Сепак, може да се користи појасна формулација, како онаа што се користи во Финскиот закон за заштита на природата.

**Текстуална табела 2: Споредба на текстови во Нацрт- законот за заштита на природата, член 75 (подготвен од страна на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите за имплементација на NATURA 2000 - EUROPEAID / 136609 / IH / SER / MK во февруари 2017;)и членот 6(3) од Директивата за живеалишта.**

Со цел да се осигура правилно транпонирање на текстот од Директивата за живеалишта, член 6(2), и за подоцна да се олесни посочувањето на живеалиштата и видовите поради кои подрачјето било прогласено, се предлага членот 74 (1) да се промени како што е дадено во текстуалната табела 3.

*Предлог-закон за заштита на природата*

*Соодветна проценка*

*Член 75*

*(1) Секој плански документ или проект што не е директно поврзан со, или неопходен за управувањето со предложеното или прогласеното ЕУ подрачје и / или Европско значајно подрачје за птици, но може да има значително влијание врз него, било поединечно или во комбинација со други плански документи или проекти , ќе биде предмет на соодветна проценка на импликаците врз конкретното подрачје и неговите цели на заштита.*

*(2) Процедурата за Соодветна проценка на планските документи посочена во ставот (1) на овој член се спроведува во согласност со постапката пропишана со одредбите од Законот за животна средина, за оцена на влијанието на одделни стратегии, планови и програми врз животната средина, под услов проценката да биде направена следејќи строго определени процедурални чекори, од експерти за зачувување на биолошката разновидност, и специфично документирана во финалниот документ.*

*(3) Соодветната проценка на проектите од ставот (1) на овој член се спроведува во согласност со постапката пропишана со одредбите од Законот за животна средина за оцена на влијанието на одделни проекти врз животната средина, под услов проценката да биде направена следејќи строго определени процедурални чекори, од експерти за зачувување на биолошката разновидност, и специфично документирана во финалниот документ.*

*(4) Врз основа на заклучоците од проценката на импликациите врздаденото подрачје од европско значење или подрачје од европско значење за птици и врз основа на член 76 од овој Закон, надлежните органи согласно Законот за животна средина ќе се согласат со планскиот документ или со проектот само откако ќе се утврди дека нема негативно да влијае на интегритетот на конкретното подрачје.-----*

*Директива за живеалишта*

*Соодветна проценка*

*Член 6*

*[...]*

*3. Секојпланилипроектштонеедиректноповрзансоилинеопходензауправувањето со подрачјето, новеројатноимазначителенефектврзнего, билопоединечноиливокомбинацијасодругипланoвиилипроекти, ќебидепредметнасоодветнапроценканавлијание врз целитеза заштитанаподрачјето. Согласно заклучоцитеодпроценкатанавлијание врз подрачјето иодредбитеодстав 4, надлежнитедржавни органиќе дадат согласатсопланотилисопроектотсамооткакоќеутврдатдеканеманегативнодавлијае врзинтегритетотнаконкретната локацијаи, доколкуесоодветно, откакоќеседобиемислење одпоширокатајавност. [...]*

**Текстуална табела 3: Оригиналниот Нацрт- закон за заштита на природата, Член 74(1) со нормален фонт. Предложени измени – прецтрано. Предложени дополненија – во задебелени букви.**

Член 74 (1)

Деградација на **Европски видови живеалиштаи европски видови за чија заштита подрачјето се прогласува за заштитено** ~~предложени Европски подрачја~~ во согласност со членот 73 од овој Закон треба да биде забранета.

*Директивата за живеалишта*

*Соодветна проценка*

*Член 6*

*2. Земјите-членки преземаат соодветни чекори за да се избегне, во посебните области за заштита, влошувањето на природните живеалишта и живеалиштата на видовите, како и нарушување на видовите поради кои подрачјата биле прогласени, доколку таквото нарушување е значително согласно целите на оваа Директива.*

Предложените промениво Нацрт -законот за заштита на природата, член 75 се презентирани во текстуалната табела 6. Предложените измени го утврдуваат административниот процес и дополнително го разјаснуваат Нацрт-законот.Предложените измени се засноваат на финскиот Закон за заштита на природата со мали текстуални измени каде што е потребно. Сепак, целосното спроведување на сите обврски што произлегуваат од Директивата за живеалишта, член 6,ги вклучува и другите елементи (во сива боја). Овие обврски се однесуваат на ситуации за кои не е потребна формална постапка за издавање дозволи.

Предложените ставови 3 и 4 од членот 75 се сметаат за неопходни, иако членот 70 наметнува обврска за известување за активностите "закоисе очекува да произлезе извештај како краен резултат". Предложените ставови 3 и 4 се фокусираат на мали проекти и мерки за кои не се задолжителни извештаи и имаат за цел во европските заштитени подрачја (локалитети на Натура 2000) да спроведат активности од помали размери.

Дополнителни измени во Предлог-законот за заштита на природата се предложени во членовите 71 и 73, со цел дополнително да се прецизира законодавството (текстуална табела 4). Важно е, јасно да се наведе секој чекор од процесот, видот и живеалиштето за коеподрачјето било избрано за заштита. Ова овозможува јасно и транспарентно утврдување на мерките за заштита, а во подоцнежна фаза, при негово прогласување, и за поставување на приоритетите и целите за заштита (назначување на Области за посебна заштита). Со овие измени, исто така, се овозможува и јасно упатување кон целите на заштита  и забрана на деградација, определенаво член 74 (1) и поблиску пропишана во член 75.

**Текстуална табела 4: Предложени дополненија (во задебелени букви)на членот 71 and 73. Овие дополненија упатуваат кон заштитените видови и живеалишта  уште во фаза на идентификација на европски подрачја за птици и предлагање на други подрачја за мрежата на Натура 2000.**

Прогласување на европски подрачја за птици

Член 71

(4) Врз основа на научна анализа, земајќи ги предвид критериумите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, стручниот орган му предлага на министерот листа на важниподрачја за заштита на птици од членот 70 став (2) на овој Закон кои, имајќи го предвид бројот на птици што живеат во подрачјето и неговата големина, се предлагаат како европски подрачја за птици. (5) [Владата на Република Македонија, на предлог на министерот, донесува Листа на важни подрачја за заштита на птиците со **список на видовите што се појавуваат на секоја локација**.]

Прогласување на европскиподрачја

Член 73

(3) Подрачјата на кои се наоѓаат европските видови и живеалишта утврдени со член 70 став (2) од овој закон, а **кои се избираат според правилата утврдени со релевантното законодавство на ЕУ**, се предлагаат како Европски подрачја.

(4) Врз основа на научната анализа и критериумите утврдени во согласност со ставовите (1), (2) и (3) на овој член, Владата на Република Македонија, на предлог на министерот, донесува листа на предложените европски подрачја којашто ќе го содржи името и шифрата на подрачјето, биогеографскиот регион во кој се наоѓа, **информации за видовите и живеалиштата за кои подрачјето се става под заштита и дали на подрачјето постојат приоритетнивидови од Анекс II или приоритетниживеалишта од Анекс I од Директивата за живеалишта**, прецизната локација (**координати на центарот на локацијата**), границите (**мапа**) и површина.

Треба да се предложи уште едно дополнение на Нацрт-законот за заштита на природата за да се осигура дека целите за заштита на подрачјето ќе останат актуелни и релевантни за заштитата на локацијата, и со понатамошно добивање на нови информации, на пр. површината на живеалиштата се зголемува поради мерки на реставрација и управување. Ажурирањето на научните информации може да се додаде на крајот од членот 71, како што е предложено во текстуалната табела 5.

**Текстуална табела 5: Предложени дополненија на членот 71 со цел да се олесни ажурирањето на научните информации за природата.**

| |
|---|
| **6) Измени и дополненија на научните податоци за природа, поврзани со европските подрачја и еврпските подрачја за птици (Натура 2000 подрачја) се прават со одлука/уредба издадена од МЖСПП.** |

**Текстуална табела 6: Оригиналниот Нацрт-закон за заштита на природата, член 75 со нормален фонт. Потенцијална целосна имплементација на Директивите за живеалишта, член 6 во сиво. Предложени бришења, со прецртано. Предложени дополненија со задебелен фонт.**

1) Секој плански документ или проект кој не е директно поврзан со, или неопходен за управувањето со предложеното или прогласеното Европско порачје/ или европскоподрачје на птици, но може да има значително влијание врз него, било поединечно или во комбинација со други плански документи или проекти, ќе биде предмет на соодветна проценка на влијание врз даденото европско подрачје или европско подрачје за птици, а во однос на целите на заштита на подрачјето.

~~2) Процедурата за соодветна проценка на планските документи посочени во став (1) од овој член треба да биде спроведена во согласност со процедурата опишана со одредбите од Законот за животна средина во однос на проценката на влијанието на одредени стратегии, планови и програми [...]~~

~~(3) Соодветната проценка на проектите посочени во став (1) од овој член треба да се спроведе во согласност со процедурата опишана со одредбите од Законот за животна средина во однос на проценката на влијанието на одделни проекти [...]~~

**2) Надлежните органи, т.е органот што издава одобрение за планот треба да се осигура дека проценката спомената во став 1 ќе се спроведе. Овој орган, ќе бара мислење од органот надлежен за СП** [на пр. Секторот за природа во МЖСПП]**како и од органот на управување со подрачјето посочен во став 1.**[Доколку органот одговорен за СП е истовремено и предлагач или изведувач на проектот, МЖСПП ќе предложи кој орган ќе биде надлежен за издавање на мислење за СП. Одлуката на МЖСПП не може да биде обжалена одделно.]

**Мислењето посочено во став 2 погоре треба да биде издадено без задоцнување и не подоцна од шест месеци од прием на барањето за мислење од страна на надлежниот орган [на пр. Секторот за природа на МЖСПП]** [или кога ќе се достави известување за одлуката на МЖСПП, посочена во потточка 2].

**Доколку проектот е предмет на процедурата за ОВЖС или СОЖС, посочена во Законот за животна средина, проценката посочена во став 1 треба да биде направена како што е предвидено во процедурата за оценка. Надлежната институција согласно соодветниот закон треба да го вклучи мислењето од органот надлежен за СП и органот надлежен за управување со подрачјето, посочени во став 1, во образложениот заклучок за процедурата за ОВЖЦ И СОЖС.**

**3) Органот до којшто, врз основа на законот и регулативите, стигнало известувањето за проектот или планот, посочен во став 1, треба да преземе мерки, во рамките на своите надлежности, за суспендирање на изведбата на проектот или планот, се додека проценката посочена во ставот 1 не се комплетира. Овој орган треба задолжително и веднаш да го информира органот за СП [на пр. Секторот за природа при МЖСПП].**

**4) Доколку има веројатност мерката да предизвика влијанија кои се забранети согласно член 74(1), лицето одговорно за мерката треба да го информира органот надлежен за СП. [на пр. Секторот за природа при МЖСПП]. Ова известување не е потребно доколку самата мерка бара одобрение од страна на надлежниот орган, или поднесување на известување, посочено во ставот 3.**

**Известувањето треба да биде во пишана форма и истото треба да се достави не подоцна од 30 дена пред спроведување на мерката. Барањето се смета за поднесено до надлежниот орган за СП (на пр. Секторот за природа при МЖСПП) на датумот на негово пристигнување. Известувањето треба да содржи информации за мерката, нејзиното спроведување и импликациите во однос на целите на заштита на подрачјето. Со уредби на Владата/подзаконски акти може подетално да се утврди содржината на известувањето.**

**5) Доколку мерката за која се известува до органот надлежен за СП (на пр. Секторот за природа при МЖСПП), согласно ставот 3 и 4, предизвикува или постои закана да предизвика влијание забрането според член 74 (1), органот за СП (на пр. Секторот за природа при МЖСПП) треба, во рок од 60 дена од приемот на известувањето, да ја забрани или ограничи мерката. Пред да ја направи одлуката, органот за СП (на пр. Секторот за природа при МЖСПП) треба да преговара за спроведувањето на мерката со лицето одговорно за мерката, со цел да се спречат последици предвидени во членот 64а.**

**4/**6)**Надлежниот орган не треба да го одобри проектот доколку проценката и мислењето посочени во став 1 укажуваат на тоа дека проектот или планот имаат значително негативно влијание врз природните вредности за коишто подрачјето е (или се планира да биде) вклучено во мрежата на подрачја посочени во ставот 1.**

~~4) Во однос на заклучоците од проценката за влијание врз конкретното Европско подрачје или Европско подрачје за птици и врз основа на членот 76 од овој Закон, надлежниот орган, врз основа на Законот за животна средина ќе даде согласност за планските документи или за проектот само откако ќе се осигура дека истиот нема да има негативно влијание врз интегритетот на конкретното Европско подрачје или Европско подрачје за птици.~~

## Подготовка за во иднина - времена примена

Треба да се даде посебна забелешка во однос на процесот на пристапување на Македонија кон ЕУ. Постои судска пракса која укажува на тоа како администрациите треба да ги спроведуваат проектите за време на пристапниот процес:

'[…] доколку барањето за одобрување било официјално поднесено пред истекот на рокот за транспонирање на Директивата, или пред пристапувањето кон ЕУ, проектот не е предмет на барањата утврдени во членот 6(3) и (4). Сепак, доколку барањето за одобрување било официјално поднесено по истекот на рокот за транспонирање на Директивата, или по пристапувањето кон ЕУ, проектот ќе биде предмет на барањата утврдени во членот 6(3) и (4).'(EC 2014)

## 3. Нацрт правилник

ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ПРОЦЕДУРАТА ЗА СООДВЕТНА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЈАТА ОД ПЛАН ИЛИ ПРОЕКТ КОЈ НЕ Е ДИРЕКТНО ПОВРЗАН ИЛИ НЕОПХОДЕН ЗА УПРАВУВАЊЕТО СО ПРЕДЛОЖЕНОТО ИЛИ ПРОГЛАСЕНОТО ЕВРОПСКО ПОДРАЧЈЕ И/ИЛИ ЕВРОПСКО ПОДРАЧЈЕ ЗА ПТИЦИ

Член 1

Овој Правилник ја пропишува содржината на соодветната проценка во рамките на Нацрт-законот за заштита на природата, член 75.

Член 2

Соодветната проценка содржи:

1) Опис на планот или проектот и идентификација на влијанијата;
2) Опис на конзервациските вредности и цели на локацијата;
3) Влијание на самиот план или проект или кумулативно влијание;
4) Значајноста на влијанието;
5) Мерки за ублажување;
6) Точнот и кредибилност на проценката;
7) База на податоци и експертиза; и
8) Мониторинг.

Член 3

„Описот на планот или проектот и идентификацијата на влијанија“ содржи:

1) Прецизни дејствија кои ќе бидат спроведени;
2) Локација во однос на предложеното или прогласеното Европско подрачје и /или Европско подрачје за птици;
3) Период на спроведување и времетраење на планот или проектот;;
4) Техничките решенија, опрема и влијанија од нив;
5) Просторно ограничување на влијанијата според мерките и теренот;
6) Промени на животната средина, тип и степен
7) Други релевантни информации (мапи, растојание, тежина)
8) Прецизен опис.

Член 4

„Описот на целите на заштита на подрачјето“ содржи:

1) Цели на заштита на подрачјето
    - Конзервациски вредности и цели на подрачјето (на пр. Зачувување на природниот статус и осигурување на природниот развој на екосистемите, зголемување на бројот на одредени видови живеалишта, зголемување на популацијата на видовите или површината за живеалиштата за видови, зголемување на квалитетот на живеалиштето за видови)
2) Видови и живеалишта за кои подрачјето било прогласено
    - Опис на живеалишта и видови

- Цели на заштита утврдени за живеалиштата и видовите

3) Еколошки услови
    - Интеракцијата на видовите и живеалиштата со локалното опкружување
    - Аспекти кои влијаат врз континуираниот опстанок на живеалиштата и видовите

Член 5

"Влијанието на планот или проектот и кумулативните влијанија" содржи;

1) Влијанија
    - Биолошките и еколошките влијанија на сите видови и живеалишта за чија заштита подрачјето било прогласено, мора да бидат проценети;
    - Директни влијанија, индиректни влијанија, краткорочни/долгорочни влијанија, постојани/привремени влијанија, позитивни/негативни влијанија;
    - Просторна презентација;
2) Кумулативни влијанија
    - Треба да се проценат сите влијанија кои се однесуваат на исти видови или живеалишта;
    - Треба да се проценат сличните типови на влијанија;
    - Треба да се вклучат сите проекти и планови кои се спроведени или имаат одобрение за нивна изведба.

Член 6

„Значајноста на влијанијата“ содржи:

1) Проценка на степенот и видот на влијание;

Член 7[1]

„Мерките за ублажување“ содржи;

1) Начини да се ублажи или избегне влијанието;

Член 8[2]

’Точноста и кредибилноста на проценката“содржи;

1) Опис на секоја неизвесност при проценката;

---

[1]Не е задолжително. Надлежниот орган може да даде поука за преземање на дополнителни мерки за ублажување, особено ако истите одат во прилог на избегнувањето на влијанијата. Доколу мерките за ублажување се услов за добивање на мислењето од страна на надлежниот орган, тие треба да бидат вклучени во конечната еколошка дозвола.

[2]Соодветната проценка мора да се базира на издржано образложение и анализа; целосни, точни и доверливи изјави и заклучоци кои ќе помогнат да се исклучи секакво научно сомнение за влијанијата врз подрачјето. Доколку проценката не ги содржи потребните информации за да се донесе одлуката, ќе се утврди дека проценката не била соодветно направена, па затоа дозволата не може да биде издадена, или пак планот не може да биде одобрен.

2) Член 9

„Базата на информации и експертизата“содржи;

1) Опис и листа на сите користени иноформации:
   - Инвентаризација од терен
     - Методи, време, рута, парцела, опис на видот на живеалиште, листа на видовите, име на лицето кое открило редок вид....
   - Користени дата бази на видови/живеалишта
   - Користена литература
   - Експери и одговорност

Член 10[3]

„Мониторингот“ содржи:

1) Опис на конкретниот план за мониторинг којшто содржи споредливи и релевантни податоци;

Овој Правилник ќе стапи на сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“

Број XX-XXX/X

месец XX, 20XX

[3]Не претставува барање, но често е неопходно за да се осигура правилно спроведување на законот. Ова, исто така овозможува и корективни дејствија при појна на несакани влијанија. Доколку се применуваат мерки на ублажување, надлежниот орган мора да издаде обврска за мониторинг на тие мерки.

## Анекс I: Дијаграм од документот на ЕК „УПРАВУВАЊЕ СО НАТУРА 2000 ПОДРАЧЈАТА“ одредби од член 6 од Директивата за живеалишта 92/43/СЕЕ’



# Анекс II: Пример за текст – Мислење дадено од надлежен орган за соодветна проценка на Финска

*Мислење според член 65 од Законот за заштита на природата за содветна проценка за изградба на железнички мост и мост за сообраќај на лесни возила преку реката Ванта*

Регионалната административна агенција на Јужна Финска побара од Центарот за економски развој, транспорт и животна средина на Усима да даде мислење според член 65 од Законот за заштита на природата за содветна проценка на ефектите од изградба на железнички мост и мост за сообраќај на лесни возила на реката Ванта, како дел од Натура 2000 подрачје.

**Опис на проектот**

Изградба на железнички мост и мост за сообраќај на лесни возила на реката Ванта. Изградбата на овој мост е дел од проектот„Raide-Jokeri“ за изградба на брза железница со која би се поврзале источен Хелсинки и источен Еспо. Должината на трасата е околу 25км. Проектот предвидува отстранување на сегашниот мост преку реката Ванта и негова замена со нов мост за брза железница. Дополнително се предвидува изградба на нов мост за лесен сообраќај на јужниот дел од мостот.

## МИСЛЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, ТРАНСПОРТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Информации за Натура 2000 подрачјето**

Реката Ванта (FI0100104) во мрежата на Натура 2000 е ставена како Посебно подрачје за заштита, согласно Директивата за живеалишта. Подрачјето на реката Ванта кое е прогласено за Натура 2000 подрачје зафаќа површина од околу 53км од течението на реката, вклучувајќи ја само водната површина на речното корито.

Река Ванта како Натура 2000 подрачје има две цели на заштита: видови од Анекс II од Директивата за живеалишта – речна школка (*Unio crassus*) и видра (*Lutra lutra*).

**Соодветност на проценката**

Според Центарот за економски развој, транспорт и животна средина на Усимавлијанието од проектот врз подрачјето правилно се идентификувани и коректно проценети од гледна точка на природните вредности кои се основа за заштита на оваа подрачје. Исто така, проценката ја има нотирано и поврзаноста и меѓусебното влијанија со други познати проекти и планови, иако оваа проценка е лимитирана, со оглед на фактот што речното корито на Ванта е огромно и на него се одвиваат голем број на проекти и планови. Сепак, тоа нема значајно влијание врз кредибилитетот на заклучоците.

Како базичен материјал за СП е користен Стандардниот формулар за Натура, Инвентаризацијата на речната школка во реката Ванта од 2004-2007 и сопствената инвентаризација на речната школка на проектот „Raide-Jokeri“ од 2017. Проценката на влијанијата се базираврз експертско мислење.

Центарот за економски развој, транспорт и животна средина на Усимасмета дека СП соодветно е подготвена. Новиот Формулар за податоци, според одлуката на Владата од 5.12.2018 бил земен предвид при проценката. И покрај недостатокот при евелуацијата на кумулативните

влијанија, сепак проценката се базира на доволно докази врз кои може да се донесат кредибилни заклучоци за ефектите.

**Ефекти врз видовите врз основа на кои е добиен статус на заштита**

Речна школка

Реката Ванта е живеалиште на најголемата популација на речната школка во регионот на Усима и истата е проценета на околу 2.86 милиони единки во 2007. Врз основа на истражувањето на акватичните инвертебрати, направено во 2017 година, големината на популацијата на речната школка на просторот на проектната локација е стабилна.

Речната школкаи нејзиното живеалиште се под влијание на проектот за време на неговата изведба и постојано. Изградбата претставува закана за животот на видовите, губењето на живеалиштата, како и деградирањето на квалитетот на живеалиштето како резулатат на седиментација и намалување на длабочината на локацијата.

Беше направена студија на сулфур во почвата, но не беа најдени сулфурни киселини во неа. Сепак, вонеколку примероци, вкупната сулфурна содржина на почвата ја надминува дозволенета граница на користени вредности за кисело сулфатни почви. Соодветната проценка се заснова на претпоставката дека pH вредноста на испустните води во Реката Вантаа е помеѓу 6-9.

Трајните ефекти врз живеалиштата на речната школка се јавуваат поради поставувањето на столбови во речното корито. Според проценката, столбовите ќе предизвикат смрт на максимум десетина речни школки. Можното ископување ќе предизвика низводно намалување на длабочината и зголемена седиментација.

Сепак, најголемото влијание од проектот е резултат на поставување на привремени мостови во речното корито за време на изградбата. Во областа на привремените мостови бројот на единки на речните школки се смета дека е помеѓу 1105-3750, зависно од тоа дали се користи просечна или максимална густина. Се утврдува дека поставувањето на привремените мостови ќе предизвика изумирање на речните школки и деградирање на живеалиштето и условите за живот, како последицаназаматеност на водата. Се проценува дека во фазата на конструкција ќе изумрат 100-400 единки. Освен изумирање, локлното заматување и седиментацијата, поставувањето на работни мостови ќе предизвика и губење на живеалишта.

Според СП, влијанијата се привремени и локални и не се сметаат за значајни за целокупното Натура 2000 подрачје. Влијанијата од проектот би можеле да се намалат со поместување на речните школки од локацијата на градење.

Центарот за економски развој, транспорт и животна средина на Усимасмета дека заклучоците на СП се основани, при спроведување на мерките на ублажување. Негативните ефекти значително би можеле да се намалат со преместување на речните школки од локацијата на која се изведуваат работите. Освен тоа, изградбата мора да се одвива според работни методи со кои се минимизира заматувањето на воа и наталожувањето по течението на реката, на местото каде што се одвива проектот. Особено внимание треба да се обрне на третирањето на почвата богата со сулфур, за да се спречи сливањето на киселите води во реката.

**Видра**

Популацијата на видрата во Реката Ванта, утврдена во Стандардниот формулар за податоци, е приближно 1-5 единки. Најблиското познато живеалиште на видрата е покрај Vanhankaupunginkoski, два километри надолно од мостот. Видрите се движат на поголем простор по Реката Ванта, доспевајќи најверојатно и до самото место на проектот. Според проценката, градбата претставува привремена закана за движењето на видрата. По завршување на градежните работи, состојбата ќе се врати како претходно. Според тоа, се проценува дека негативните ефекти врз видрата се мали. Центарот за економски развој, транспорт и животна средина на Усима, смета дека ваквата проценка е издржана.

**Кумулативни влијанија**

Во СП, кумулативните ефекти само се идентификувани во поглед на планот за домување и новиот просторен план за користење на земјиште на Хелсинки. Според СП, дополнителните градежни работи веројатно ќе го зголемат испустот во Реката Ванта преку зголемување на урбаните истечни води. Сепак, се проценува дека кумулативните ефекти со проектот се незначителни.

Центарот за економски развој, транспорт и животна средина на Усимасмета дека проценката на кумулативните влијанија се незначителни земајќи ги предвид веќе спроведените и планираните проекти и планови во поширокиот дел на речното корито на Реката Ванта. Земајќи ги предвид големината и привремената природа на влијанијата на проектот, Центарот за економски развој, транспорт и животна средина на Усимасмета дека кумулативните ефекти не придонесуваат за значително влошување на влијанијата.

**Мониторинг**

Влијанијата врз квалитетот на водата треба да се следат според мислењето дадено од страна на Центарот за економски развој, транспорт и животна средина на Усимана 20.12.2018. Со цел да се идентификуваат влијанијата врз речната школка за време на градбата, неопходно е да се врши континуирано следење на заматеноста на водата. Освен тоа, влијанијата врз популацијата на речната школка и нејзиното живеалиште мора да се следат годишно во текот на целото времетрање на градбата.

**Заклучок**

Врз основа на СП и спроведените студии, Центарот за економски развој, транспорт и животна средина на Усима смета дека изградбата на железнички мост и мост за лесен сообраќај преку Реката Ванта, самата по себе, или заедно со другите проекти и планови нема да има значителни негативни ефекти врз целите на заштита, поради кои областа била прогласена за Натура 2000 подрачје, доколку се имплементираат мерките за ублажување презентирани во проценката. Мерките за ублажување на влијанија и мониторингот треба да се услови наведени во самата дозвла за изведување.

Случајот го водеше главен инспектор XXXX, а беше презентиран од страна на експерт XXX. Електронското одобрение е ставено на крајот од документот.

**За информација**

Сектор за ЖС, МЖСПП

Metsähallitus,

Институт за ЖС на Финска

Хелсинки

Регионален совет на Усима

# Анекс III Пример за административен процес поврзан со СП



# Инволвирани експерти:

Sasho Apostolov e-mail: s.apostolov@moepp.gov.mk

Biljana Petkoska e-mail: b.petkoska@moepp.gov.mk

Dejana Todorovska e-mail: d.todorovska@moepp.gov.mk

Vlatko Trpeski e-mail: trpeski@yahoo.com

Sasko Jordanov e-mail: sasko.jordanov@gmail.com

Alexandar Nastov e-mail: anastov@gmail.com

Nebi Rexhebi e-mail: n.rexhebi@moepp.gov.mk

Olli Ojala e-mail: olli.ojala@environment.fi

# За понатамошно информирање

EC (2000). MANAGING NATURA 2000 SITES. Одредби од член 6 од Директивата за живеалишта 92/43/EEC.

EC (2007). Упатство за член 6(4) од Директивата за живеалишта ' 92/43/EEC. CLARIFICATION OF THE CONCEPTS OF: ALTERNATIVE SOLUTIONS, IMPERATIVE REASONS OF OVERRIDING PUBLIC INTEREST, COMPENSATORY MEASURES, OVERALL COHERENCE, OPINION OF THE COMMISSION.

EC (2014). Член 6 од Директивата за живеалишта - Пресуда од ЕСП.

EC (2019). ИЗВЕШТАИ ОД ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕУ, ТЕЛА, КАНЦЕЛАРИИ И АГЕНЦИИ НА ЕК кои управуваат со Натура 2000 подрачјата. Член 6 од Директивата за живеалишта92/43/EEC (2019/C 33/01)https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52019XC0125(07)&qid=1548924227008&from=FI